**Република Македонија**
**Основен суд Дебар**

**СУ.бр.03-60/2017**

**21.02.2017** год.

**Дебар**

Република Македониа
Основен суд Дебар

Ул.“Велко Влахович“ б.б.
1250 Дебар
Република Мекедонија

Тел: (046) 831 - 404
Фах: (046) 831 – 600

Сајт. www.osdebar.mk
Email. contact@osdebar.mk

**ДО**:

**СУДСКИ СОВЕТ НА РМ - СКОПЈЕ**

**ВРХОВЕН СУД НА РМ - СКОПЈЕ**

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР - ГОСТИВАР**

**ПРЕДМЕТ: Достава на годишен извештај за работа на Основен суд Дебар во 2016 година**

**Почитувани,**

Во прилог, по електронски пат, **Ви доставуваме:**

- **Годишен извештај за работа на Основен суд Дебар во 2016 година**

Предното Ви се доставува на Ваше запознавање и понатамошно постапување!

**Со почит,**

**В.Д. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**С У Д И Ј А**
**ИЛИР ИСЕНИ**

ОСНОВЕН СУД ДЕБАР

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВЕН СУД ДЕБАР ВО 2016 ГОДИНА

***Дебар, февруари 2017 година***

## ВОВЕД

Основниот суд во Дебар претставува суд со основна надлежност, кој својата функција ја извршува согласно чл.30 и 31 од Законот за судовите објавен во Службен весник на Република Македонија бр.58/06 и постапува по сите видови предмети од неговата надлежност на територијата на општините Дебар и Центар Жупа, и при тоа настојува да им обезбеди заштита и еднаквост пред законот на сите граѓани - странки во овој суд во остварувањето на нивните права.

Во извештајниот период, судот настојуваше судската власт да ја остварува законито, професионално, чесно и објективно, настојуваше да се подобри квалитетот и квантитетот на работењето, да ја зголеми експедитивноста воопшто, а со тоа да ја зголеми вербата на граѓаните во судот и да го зголеми својот авторитет пред странките воопшто.

Во овој Извештај ќе биде прикажана целокупната работа на Основниот суд Дебар за 2016 година, преку движењето на предметите сумарно и поединечно за секој судија и тоа за нерешените предмети од претходната година, за ново примените предмети по сите основи, вкупниот обем на работа, решавањето на истите, начинот на решавањето и остатокот на нерешените предмети.

## 1. ОБЕМ НА РАБОТА

### 1.1. Движење на предметите во судот по сите видови во 2016 година

**Основниот суд Дебар на почетокот од 2016 година имаше остаток од 345 предмети**, од кои 331 новопримени и 14 повторно заведени предмети.

**Во текот на 2016 година судот прими 5158 предмети**, од кои 60 повторно заведени предмети (во која бројка се и 29 погрешно заведени предмети).

**Вкупно во работа судот имал 5529 предмети**, од кои 5458 новопримени и 71 повторно заведени предмети.

**Решени се 5267 предмети**, од кои 5210 новопримени и 57 повторно заведени предмети, **а како нерешени останале 262 предмети**, од кои 248 новопримени и 14 повторно заведени предмети.

**Значи совладан е приливот на предметите во тековната година, со тоа е намален и заостатокот на нерешените предмети.**

Имајќи го во предвид вкупниот број на предмети во работа во извештајната година во однос на претходната година, обемот на работа на судот е намален за 397 предмети по сите основи.

**Табеларен преглед на движење на предметите во судот по сите основи**

| На поч. на год. | Новопримен. предмети | Повторно заведени предмети | Погрешно регистриран. предмети | Вкупно во работа | Решени предмет и | остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 331 +11* = 342 | 5158 | 60 | 31 | 5458 +71* = 5529 | 5210 + 57* = 5267 | 248 + 14* = 262 |

*(Бројот означен со (*) ѕвезда, е број на предмети повторно заведени во извештајната година)*

**Појаснуваме дека од вкупно 31 погрешно регистрирани предмети**, 10 предмети се заверки, 1 предмет замолница, 1 предмет – предмет за кривично полнолетни, 17 предмети – разни кривични предмети и 2 предмети – извршување на прекршочни глоби, трошоци и паушал.

### 1.2. Стари нерешение предмети на ниво на суд по сите основи

На почетокот на извештајната година судот имал 27 стари нерешени предмети.

Во текот на годината примил 45 стари нерешени предмети. Вкупно во работа 72 стари нерешени предмети. Решени се 39 предмети, а останале нерешени 33 стари премети и тоа: 2 имотни предмети, 2 предмети кривично полнолетни, 12 предмети КУИКП и 17 предмети оставина во работа на нотар.

**Стари нерешени предмети на ниво на суд по сите основи**

| На почеток | новопримени | вкупно | решени | остаток |
|---|---|---|---|---|
| 27 | 45 | 72 | 39 | 33 |

**Стари нерешени предмети на ниво на суд по сите основи по години.**

| Видна предмет ↓ | Година и број на предмети | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
| Имотни | - | - | - | - | - | - | 2 |
| Кривични полнолетни | - | - | - | - | - | - | 2 |
| КУИКП предмети | 4 | - | - | - | - | 4 | 4 |
| Оставина во работа на Нотар | - | - | - | 1 | - | 3 | 13 |

### 1.3. Квалитет на предметите на ниво на суд

| Решени предмети | Потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 1148 | 89 | 7.75 | 24 | 2.09 | 3 | 0.26 |

## 2. ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ПО ОДДЕЛЕНИЈА

## 2.1. КРИВИЧНО ОДДЕЛЕНИЕ

Во текот на 2016 година во кривичниот оддел судот прими 2628 предмети, па со остатокот од 107 предмети од претходната година вкупно во работа биле 2715 предмети.

Решени се 2661 предмет, нерешени се 64 предмети.

### 2.1.1. Структура на предметите во кривично одделение:

- **Кај кривичните предмети полнолетни** во претходната година како нерешени останале 5 предмети. Во тековната година примени се 40 редовни и 7 повторно заведени предмети, или вкупно 47 предмети. Вкупно во работа биле 55 предмети, решени се 48 предмети од кои 7 повторно заведени предмети, а нерешени останале 8 предмети од кои 3 повторно заведени предмети, што значи совладан е приливот.

Кај кривичните предмети за полнолетни лица обжалени биле 9 предмети, од кои 1 повторно заведен предмет.

Донесени одлуки од второстепен суд во 9 предмети.

Во 7 предмети одлуките се потврдени, во 1 предмет одлуката е преиначена, во 1 предмет одлуката е отфрлена.

- **ОИД предмети:** новопримени 33 предмети и решени 33 предмети

- **КУИКП предмети:** 36 предмети од претходната година, новопримени 45 прдемети, вкупно во работа 81 предмет, решени 41 предмет, остаток 40 предмети.

- **ИПК:** 3 предмети од претходната година, новопримени 10 предмети, вкупно во работа 13 предмети, решени 13 предмети.

- **Прекин на казна**: новопримени 2 предмети, решени 2 предмети.

- **ИПРК:** 8 предмети од претходната година, новопримени 197 предмети (2-два погрешно заведени), вкупно 203 предмети, решени 203 предмети.

- **Разни кривични предмети:** 18 предмети од претходната година, новопримени 2012 предмети (17 погрешно заведени предмети), вкупно во работа 2013 предмети, решени 2013 предмети.

- **Предмети Кривичен совет-вон главна расправа**: 1 предмет од претходната година, новопримени 72 предмети, вкупно во работа 73 предмети, решени 72 предмети, остаток 1 предмет.

- **Замолници во кривична обласат:** новопримени 7, решени 7 предмети.

- **Кај прекршочните предмети** од претходна година се префрлени 36 предмети, па со ново примените 208 предмети во работа биле вкупно 244 прекршочни предмети. Решени се 235 предмети, а нерешени 9 предмети. Од нерешените 15 предмети, сите се од тековната година.

Кај овој вид на предмети во 29 предмети поднесена е жалба, додека пак одлуки на второстепениот суд донесени се 37 од кои:

- во 25 предмети одлуката е потврдена.
- во 12 предмети одлуката е укината.

Во споредба со претходната извештајна година зголемен е квалитетот на работењето по овој вид на предмети.

### 2.1.2. Квалитет на предметите на ниво на кривично одделение

| Решени предмети | Потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 640 | 37 | 5.78 | 12 | 1.87 | 1 | 0.15 |

## 2.2. ГРАЃАНСКО ОДДЕЛЕНИЕ

Во текот на 2016 година судот примил 2147 предмети (11 предмети погрешно заведени) и со заостатокот од 233 предмети од претходна година вкупно во работа биле 2359 предмети.

Решени се 2158, а како нерешени останаа 201 предмети.

И во ова одделение може да се констатира дека е совладан тековниот прилив а е намален приливот на нерешени предмети во споредба со тековната година.

Кај спорните граѓански предмети во работа биле 240 предмети, решени 163, а нерешени 77 предмети

**2.2.1.Структура на предметите во граѓанско одделение**:

- **Парничен предмети:** 1 предмет од претходната година, и истиот решен.

- **Имотни спорови:** 36 предмети од претходната година, новопримени 53 предмети, вкупно во работа 89 предмети, решени 55 предмети и остаток 34 предмети од кои 10 потворно заведени предмети.

- **Облигациони спорови:** 16 предмети од претходната година, новопримени 41 предмети, вкупно во работа 57 предмети, решени 39 предмети, и остаток 18 предмети.

- **Работни спорови:** 2 предмети нерешени од претходната година, новопримени 18 предмети, вкупно во работа 20 предмети, решени 16 предмети и остаток 4 предмети од кои 1 повторно заведен предмет.

- **Семејни спорови:** 23 предмети нерешени од претходната година, новопримени 56 предмети, вкупно во работа 79 предмети, решени 56 предмети и остаток 23 предмети.

- **Платни налози по приговор:** 5 предмети од претходната година, новопримени 19 предмети, вкупно во работа 24 предмети, решени 17 предмети, остаток 7 предмети.

- **Разни парнични предмети:** новопримен 1 предмет и истиот решен.

- **Оставина по приговор:** новопримени 3 предмети и истите решени.

- **Разни вонпарнични предмети:** новопримени 101 предмет и истите решени.

- **Физичка делаба:** 5 предмети од претходната година, новопримени 1 предмет, вкупно во работа 6 предмети, решени 3 предмети, и остаток 3 предмети.

- **Оставина:** 132 предмети од претходната година, новопримени 238 предмети, вкупно во работа 370 предмети, решени 260 предмети, и остаток 110 предмети.

- **ВонПарнични предмети:** 1 предмет од претходната година, новопримени 106 предмети, вкупно во работа 107 предмети, решени 102 предмет, и остаток 5 предмети.

- **Заверки**: 6 од предходната година, новопримени 1497, погрешно регистрирани 10, вкупно во работа 1493, решени 1492, остаток 1 предмет.

- **Замолници во граѓанска област:** новопримени 7, погрешно заведени 1 предмет, вкупно во работа 6, решени 6 предмети.

Кај граѓански предмети биле поднесени жалби во 82 предмети, а второстепена одлука е донесена во 66 предмети. Во 52 предмети одлуката е потврдена, во 12 предмети одлуката е укината, и во 2 предмети одлуката е преиначена.

**Може да се констатира дека квалитетот во граѓанското одделение е зголемен во однос на претходната година.**

**2.2.2. Квалитет на предметите на ниво на граѓанско одделение**

| **Решени предмети** | **Потврдени** | | **укинати** | | **преиначени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| 1297 | 52 | 4.00 | 12 | 0.92 | 2 | 0.15 |

## 3. ПРЕДМЕТИ СУДСКА УПРАВА

- **СУ предмети:** 1 од претходната година, новопримени 367 предмети, вкупно во работа 368 предмети, решени 367, остаток 1

- **Довреливи предмети су:** новопримени и решени 2 предмети

- **УПП предмети**: новопримен 1 и истиот решен.

- **Слободен пристап до информации од јавен карактер:** новопримени 14 предмети и истите решени.

## 4. ОБЕМ НА РАБОТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ И СУДИИТЕ

## 4.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

До 08.03.2016 година, односно завршувањето на мандатот, функцијата претседател на судот ја извршуваше судија Мерсим Марку.

Од 09.03.2016 година, функцијата претседател на судот ја врши, В.Д. Претседател на судот, судија Илир Исени.

## 4.2. В.Д. ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ, СУДИЈА ИЛИР ИСЕНИ

Од 09.03.2016 година судија Илир Исени ја извршува финкцијата В.Д. Претседател на судот.

Согласно Законот за судовите и Судскиот деловник, ВД. Претседателот на судот постапувал по следните предмети: 1109 заверки, 290 СУ предмети, 2 Дов. предмети, 1469 разни кривични предмети, 66 КС-КР предмети, 27 ППНИ предмети ,1 УПП предмет, 10 СПИ предмети.

Согласно Планот и распоредот за работа на судот за 2016 година, како судијата Илир Исени постапувал по имотни предмети, облигациони

предмети, платни налози по приговор, вонпарнични предмети, кривични предмети и прекршочни предмети

**На почетокот** на извештјната година судијата Илир Исени по сите основи имал 35 редовни предмети и 2 повторно заведени предемети, или вкупно **37** предмети. Новопримени **96** предмети. **Повторно заведени 18** предмети. **Вкупно во работа** по сите основи судијата имал 3139 редовни и 27 повторно заведени предмети или вкупно **3166** предмети и тоа следните видови на предмети: 1107 заверки, 1 предмет замолница граѓанска област, 288 предмети судска управа, 2 дов. судска управа, 4 предмети определени дејствија во предходна постапка кривично, 1 предмет кривично полнолетни, 1469 разни кривични предмети, 66 предмети КС-КР, 2 прекршочни предмети, 2 предмети работен спор, 5 предмет платен налог по приговор, 27 предмети ППНИ, 64 предмети ВонПП, 32 предмети имотен спор, 1 предмет противизвршување, 1 предмет оставина по приговор, 61 разни вонпарнични предмети, 5 предмети физичка делба, 1 предмет УПП, 10 предмети СПИ, 16 предмети облигациони спорови и 1 предмет КС-прекшоци. **Решени предмети** по сите основи 3124 редовни и 21 повторно заведени предмети или вкупно **3145** предмети. **На краојт на извештајната година** кај судијата останале **нерешени** 15 редовни и 6 повторно заведени или вкупно **21** предмети и тоа: 1 предмет кривично полнолетни, 1 предмет работен спор, 1 предмет ВонПП, 12 предмети имотен спор, 3 предмети физичка делба и 3 предмети облигациони спорови.

**Табеларен преглед на движење на предметите кај судија Илир Исени.**

| **На почеток на год.** | **Новопримени предмети** | **Повторно заведени предмети** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **остаток** |
|---|---|---|---|---|---|
| **37** | **3111** | **18** | **3166** | **3145** | **21** |

**Квалитет на решавање на предметите:**

Во извештајната година кај судијата Илир Исени обжалени се 25 редовен предмет и 10 повторно заведени предмети, или вкупно 35 предмети.

Од вратените обжалени предмети се 31 предмети, од кои 25 предмети со одлука потврдени, 5 предмети со одлука укинати и 1 предмет со одлука преначена.

**Табеларен преглед на квалитет на решавање на предметите кај судијата Илир Исени.**

| .Решени предмети | Потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 267 | 25 | 9.36 | 5 | 1.81 | 1 | 0.37 |

**Судија Илир Исени ги решил следните нормирани предмети: 4 опредлени дејствија во предходна постапка – К-ПП; 66 предмети КС-КР разни предмети во кривичен совет; 2 прекршочни предмети; 1 предмет работен спор – РО; 5 предмети Пл1-П; 27 предмети ППНИ; 63 ВПП; 20 предмети имотен спор - П1; 1 предмет оставина по приговор-О1; 61 РВПП; 2 ВПП1; 1 предмет противизвршување – ППИ; 1 предмет КС-прекршоци и 13 предмети облигациони спорови, или вкупно 267 предмети.**

**Табеларен преглед на стари нерешени предмети**

| На почеток | новопримени | вкупно | решени | остаток |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 6 | 7 | 5 | 2 |
| Од друг судија | 1 | 1 | - | 1 |

Стари нерешени предмети кај судијата по години: 2 предмети имотен спор од 2014 година и 1 кривичен предмет полнолетни од 2014 година (примен од друг судија)

## 4.3. СУДИЈА ОРУЧ АБАЗОВСКИ

Согласно Планот и распоредот за работа на судот за 2016 година, судијата Оруч Абазовски постапувал по кривични предмети полнолетни, прекршочни прдемети, извршување на кривични санкции и извршување на прекршочни санкции.

**На почетокот** на извештајната година судијата Оруч Абазовски имал 31 редовни предмети и 2 повторно заведени предемети, или вкупно **33** предмети. Новопримени **935** предмети. **Повторно заведени 18** предмети. **Вкупно во работа** по сите основи судијата имал 962 редовни и 25 повторно заведени предмети или вкупно **987** предмети и тоа следните видови на предмети: 166 заверки, 14 предмети опредлени дејствија во предходна постапка во кривично, 202 разни кривични предмети, 3 предмети КС-КР, 79 предмети повикување на лица на издржување на казна затвор-КУИКП, 202 предмети извршување на прекршочни глоби, паушал и трошоци, 7 замолници кривична област, 53 предмети кривични полнолетни, 234 прекршочни предмети, 13 предмети извршување на кривични парични казни, паушал и трошоци, 2 разни вонпарнични предмети, 1 предмет ППНИ и 2 предмети прекин на казна.

**Решени предмети** по сите основи 909 редовни и 23 повторно заведени предмети или вкупно **932** предмети.

**На краојт на извештајната година** кај судијата останале **нерешени** 53 редовни и 2 повторно заведени или вкупно **55** предмети и тоа: 6 предмети кривични полнолетни, 40 предмети повикување на лица на издржување на казна затвор-КУИКП, 9 прекршочни предмети.

**Табеларен преглед на движење на предметите кај судија Оруч Абазовски.**

| На почеток на год. | Новопримени предмети | Повторно заведени предмети | Вкупно во работа | Решени предмети | остаток |
|---|---|---|---|---|---|
| **33** | **930** | **24** | **987** | **932** | **55** |

**Квалитет на решавање на предметите**:

Во извештајната година кај судијата Оруч Абазовски обжалени се 28 редовни и 2 повторно заведени предмети, или вкупно 30 предмети.

Од вратените обжалени предмети се **26** предмети, од кои **19** предмети со одлука потврдени, **5** предмети со одлука укинати и **2** предмети со одлука преиначена.

**Табеларен преглед на квалитет на решавање на предметите кај судијата Оруч Абазовски.**

| Решени предмети | Потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| 557 | 19 | **3.41** | 5 | **0.89** | 2 | **0.35** |

**Судија Оруч Абазовски ги решил следните нормирани предмети: 14 определени дејствија во предходна постапка кривично; 47 предмети кривични полонолетни; 3 предмети КС-КР; 39 предмети КУИКП; 202 предмети извршување на прекршочни санкции, паушал и трошоци; 234 прекршочни предмети; 1 предмет ППНИ; 13 предмети извршување на кривични парични казни; 2 разни вонпарнични предмети и 2 прекин на издржување на казна, или вкупно 557 предмети.**

**Табеларен преглед на стари нерешени предмети кај судија Оруч Абазовски**

| На почеток | новопримени | вкупно | решени | остаток |
|---|---|---|---|---|
| 5 | 4 | 9 | 3 | 6 |
| - | 8 од руг судија | 8 | 2 | 6 |
| Вкупно | 12 | 17 | 5 | 12 КУИКП предмети |

## 4.4. СУДИЈА ДАМЈАН ИЛОСКИ

Согласно Планот и распоредот за работа на судот за 2016 година, судијата Дамјан Илоски постапувал по имотни, семејни, облигациони, разни граѓански предмети и вонпарнични предмети.

**На почетокот** на извештајната година судијата Дамајна Илоски имал 50 редовни предмети и 2 повторно заведени предемети, или вкупно **52** предмети. **Новопримени 96** предмети. **Повторно заведени 14** предмети. **Вкупно во работа** по сите основи судијата имал **146** редовни и 16 повторно заведени предмети или вкупно 162 предмети и тоа следните видови на предмети: 1 парничен предмет, 1 предмет КС-КР, 18 предмети работен спор, 19 предмет платен налог по приговор, 2 предмети ВонПП, 54 предмети имотен спор, 25 семејни спорови, 38 предмети облигациони спорови и 1 предмет оставина по приговор.

**Решени предмети** по сите основи 103 редовни и 10 повторно заведени предмети или вкупно **113** предмети.

**На краојт на извештајната година** кај судијата останале **нерешени** 43 редовни и 6 повторно заведени или вкупно **49** предмети и тоа: 1 кс-кр предмет, 3 предмети работен спор, 7 платни налози по приговор, 21 предмет имотен спор, 2 предмети семеен спор и 15 предмети облигациони спорови.

**Табеларен преглед на движење на предметите кај судија Дамјан Илоски.**

| На почеток на год. | Новопримени предмети | Повторно заведени предмети | Вкупно во работа | Решени предмети | остаток |
|---|---|---|---|---|---|
| **52** | **96** | **14** | **162** | **113** | **49** |

**Квалитет на решавање на предметите**:

Во извештајната година кај судијата Дамјан Илоски обжалени се 31 редовен предмет и 9 повторно заведени предмети, или вкупно 40 предмети.

Од вратените обжалени предмети се 32 предмети, од кои 25 предмети со одлука потврдени и 7 предмети со одлука укинати.

**Табеларен преглед на квалитет на решавање на предметите кај судијата Дамјан Илоски.**

| Решени предмети | Потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| 113 | 25 | 22.12 | 7 | 6.19 | ./. | ./. |

**Табеларен преглед на стари нерешени предмети**

| На почеток | новопримени | вкупно | решени | остаток |
|---|---|---|---|---|
| **2** | **3** | **5** | **5** | **0** |

**Судија Дамјан Илоски ги решил следните нормирани предмети: 1 парничен предмет; 15 предмети работни спорови – РО; 12 предмети платни налози по приговор – ПЛ1-П; 2 предмети ВПП; 33 предмети имотен спор - П1; 23 предмети семејни спорови – П2; 1 предмет оставина по приговор-О1 и 26 предмети обигациони спорови - П4, или вкупно 113 предмети.**

## 4.5. СУДИЈА МЕРСИМ МАРКУ

До 08.03.2016 година, односно денот на завршување на мандаот, судија Мерсим ја извршуваше финкцијата Претседател на судот.

Согласно Законот за судовите и Судскиот деловник, како претседателот на судот постапувал по следните предмети: 1109 заверки, 290 су предмети, 2 дов. предмети, 1469 разни кривични предмети, 66 КС-КР предмети, 27 ППНИ предмети, 1 УПП предмет, 10 СПИ предмети.

Согласно Измените на Планот и распоредот за работа на судот за 2016 година, судијата Мерсим Марку постапувал по семејни спорови, облигациони предмети, платни налози по приговор, вонпарнични предмети, кривични предмети и прекршочни предмети.

**На почетокот** на извештајната година судијата Мерсим Марку по **сите** основи имал **11** предмети. Новопримени **96** предмети. **Повторно заведен** 1 предмет. **Вкупно во работа** по сите основи судијата имал 822 редовни и 1 повторно заведен предмет или вкупно **823** предмети и тоа следните видови на предмети: 218 заверки, 5 предмети замолници граѓанска област, 74 предмети судска управа, 15 предмети определени дејствија во претходна постапка кривично, 342 разни кривични предмети, 15 предмети КС-КР, 7 прекршочни предмети, 4 предмети ППНИ, 41 предмети ВонПП, 3 предмети имотен спор, 54 предмети семејни спорови,1 предмет оставина по приговор,38 разни вонпарнични предмети, 1 предмет физичка делба, 1 предмет РПП и 4 предмети СПИ. **Решени предмети** по сите основи 796 редовни и 1 повторно заведен

предмет или вкупно **797** предмети. **На краојт на извештајната година** кај судијата останале **нерешени** вкупно **26** предмети и тоа: 1 предмет имотен спор, 21 предмет семејни спорови и 4 предмети ВонПП.

**Табеларен преглед на движење на предметите кај судија М. Марку**

| На почеток на год. | Новопримени предмети | Повторно заведени предмети | Вкупно во работа | Решени предмети | остаток |
|---|---|---|---|---|---|
| **11** | **822** | **1** | **823** | **797** | **26** |

**Квалитет на решавање на предметите:**

Во извештајната година кај судијата Мерсим Марку, обжалени се 11 редовен предмети.

Од вратените обжалени предмети се 6 предмети со одлука потврдени.

**Табеларен преглед на квалитет на решавање на предметите кај судијата Мерсим Марку.**

| Решени предмети | Потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 154 | 6 | 3.89 | - | - | - | - |

**Судија Мерсим Марку ги решил следните нормирани предмети: 15 опредлени дејствија во предходна постапка – К-ПП; 15 предмети КС-КР разни предмети во кривичен совет; 7 прекршочни предмети; 4 предмети ППНИ; 37 ВПП; 2 предмети имотен спор - П1; 33 предмети семејни спорови – П2; 1 предмет оставина по приговор - О1; 38 РВПП; 1 ВПП1 и 1 РПП, или вкупно 154 предмети.**

## 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Основниот суд Дебар својата функција во 2016 година ја извршуваше со 28 вработени, од кои 4-четири судии, тука сметајќи го и Претседателот на судот, 19-деветнаесет судски службеници (2-два стручни соработници, 1-еден помлад соработник, 1-еден информатичар, 1-еден толкувач и 14 останата административни судски службени), 4-четири судски полицајци и 1-еден хигиеничар.

Според Одлука на Судски совет на Република Македонија, предвидено е во Основен суд Дебар судската функција да ја извршуваат 5-пет судии.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Дабар, Су.бр.3/2015 од 16 03.2015 година, се предвидени 52 адмистративни извршители.

Приоритетно пополнување на следните работни места предвидени со Актот за Систематизација на Основен суд Дебар:

- 1 (еден) судски соработник,
- 1 (еден) возач и одржувач на парно.

## 6. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА

Во Основен суд Дебар поради малиот број на судии, (во моментот работат тројца судии), секојдневно на почеток на работното време, судиите заеднички се присутни во Кабинетот на Претседателот каде се разговара по однос на предметите, тековните проблеми, се разгледуваат ставовите на повисоките судови и се завземаа ставови за усогласување на судската пракса.

## 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

По однос на ова прашање, во Основен суд Дебар во тековната 2016 година примени беа 14 писмени барања, со кои се бараа одредени податоци за работењето на судот. На истите судот одговори позитивно во Законски предвидениот рок.
Што се однесува до одлуките објавени на WEB страната на судот, истите претходно се анонимизираат, се припремаат во одреден формат и во рок од 2 дена после нивното донесување се објавуваат на страната.

Покрај објавата на анонимизирани пресуди, Основен суд Дебар на неговата WEB страна објавува соопштенија за јавност, месечен распоред на рочишта, документи кои што ги издава судот, годишни и месечни извештаи и други информации од јавен карактер кои треба да се достапни за пошироката јавност.

## 8. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Моментално во Основен суд Дебар активно во работа се 15 компјутери – работни станици, една серверска конзола на која се инсталирани 4 виртуелни машини и 12 локални ласерски печатари.

Поголем дел од работните станици се застарени односно во функција се од 2006 година наваму. Судот располага и со еден видео дисплеј на кој се објавуваат насрочените предмети и други информации од јавен карактер.

Од страна на програмските апликации, во судот секојдневно се користат следните:

- АКМИС програмата за комплетна евиденција и движење на судски предмети, која во одредени периоди се надградува со нови верзии од страна на фирмата ЕДУСОФТ,

- АМБС програма за книговодствено, материјално и магацинско работење која се користи во целост,

- ФЕМИДА програмата за тонско снимање на граѓанските рочишта која комплетно е во функција и се користи од месец мај 2013 година.

Во тек на работа се јавуваат вообичаени проблеми кои навремено се корегираат и надминуваат.

## 9. ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Опременоста на судот е на задоволително ниво.

Тука пред се се мисли на просторните услови каде сите вработени имаат соодветна канцеларија приспособена за својата работа.

Канцелариите се опремени со потребните технички помагала (компјутери и печатари) кои се потребни за непречено извршување на работните задачи. Морам да нагласам дека во некои од канцелариите опремата е застарена и се прават напори барем еден дел да се замени со понова која ќе одговара на бараните задачи.

Овде треба да се напомене дека во извештајната година, во стариот дел на судската зграда, при обилни дождови дојде до протекување на кровот и притоа беа оштетени таванот и подната покривка во две простории. Тоа доведе до дополнителни трошоци за судот во вкупен износ 10.000,оо денари, а потребни се и дополнителни трошоци од најмалку 30.000,оо денари, за санирање на штетите предизвикани од протекувањето на таванот на стартиот дел на судската зграда.

Зградата на Основен суд Дебар е обезбедена со 4-четворица судски полицајци кои работат во две смени. Поради непотполнето едно работно место – судски полицаец, во трета смена судот е обезбеден од редовната полиција. Напоменуваме и тоа дека судот не е обезбеден со видео надзор.

## 10. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА СУДОТ

Во извештајната година одобрен е буџет во износ од 1.913.000,оо денари за плати, придонеси и материјални трошоци.

Како што е и општо познато планираните и одобрените буџетски средства никогаш не се идентични, но и покрај сите активности за намалување на трошењето на средствата, судот има неисплатени трошоци од 130.487,00 денари.Во однос на предходната година, во која неизмирени обврски се во износ од 592.911,00 днари има намалување на неизмирени обврски во износ од 462.424,оо денари. Од неизмирените обврски најмногу се на ставка: 425.320-вештачења, износ 44.100,00 денари, а потоа на ставка 425.310-адвокатски услуги, износ од 27.000,00 денари, а потоа следуваат останатите неизмирени обврски за струја,

воада и птт услуги. Посебно недостасуваат паричните средства за исплата на вештите лица, трошоците за извршените адвокатски услуги и сл. За што до судот се поднесени и барања за присилно извршување.

Сето тоа дополнително ги зголемува веќе стасаните трошоци за исплата.

Судот месечно прави план и анализа по стасаност на обврските или поточно старост на доспевање заради тековно одржување на работата на судот.

## 11. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

**Во контекст на горенаведеното ги предлагам следните заклучоци:**

1. Судот извештајната 2016 година ја заврши како ажурен суд.

2. Во текот на 2017 година да се направат напори за обновување на компјутерската опрема.

3. Да се изнајде можност и начин за пополнувањето на планирани работни места наведени во точка 3.1 во овој извештај,

4. Да се изнајдат начини и можности за подобрување на финансиската состојба, односно стасаните обврски да се исплаќаат што е можно во пократок рок,

5. Во иднина предлагам одобрените буџетски средства да соодвестуваат со реалните трошоци предвидени со Предлог Буџетот на судовите за наредните години.

6. Навремено да се согледуваат причините за застој на роковите по сите предмети и основи како навремено би се превзеле мерки за надминување на истите.

**В.Д. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**ИЛИР ИСЕНИ**

**Изготвил:**
**Мевмед Муратоски,**
судски стручен соработник